РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
БИРО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ
Бр 01-134/1
25.01.2016 год.
СКОПЈЕ

Согласно член 37 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на Р.М. бр.13/06, бр.86/08, бр.6/10, бр.42/14 и 148/15)

**Министерство за финансии – Биро за јавни набавки и Совет за јавни набавки**

Министерство за финансии - Биро за јавни набавки, ул.Даме Груев бр.12, 02/ 3255-689, info@bjn.gov.mk

Министерство за финансии – Совет за јавни набавки, ул. Даме Груев бр.14, 02/ 3106-618, sovet@bjn.gov.mk

м-р Александар Аргировски

го подготви следниот

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**(од 01.01.2015 до 31.12.2015)**

1. Податоци за службеното/те лице/а задолжено/и за посредување на информации кај имателите на информации:
- Драгана Николоска, dragana.nikoloska@bjn.gov.mk, 02/3255-707
- Мила Трајковиќ, mila.trajkovik@bjn.gov.mk, 02/3255-709
- Катерина Поповска, katerina.popovska@bjn.gov.mk

2. Број на поднесени барања - 21

3. Број на позитивно одговорени барања - 19

4. Број на одбиени барања со наведување на причините за секое одбиено барање -2
   - Во барање за информација од јавен карактер доставено до Бирото за јавни набавки од Горан Лефков се бара информација за тоа колку експерти се ангажирани за решавање на барањата за добивање на согласности за договорните органи. Податокот се бара по име и презиме од 1 јануари 2015 година до 1 јули 2015 година. Бирото за јавни набавки му одговори на барателот дека информацијата не може да се даде, поради тоа што станува збор за исклучок од слободниот пристап до информации од јавен карактер согласно со член 6 став 1 алинеја 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Бирото за јавни набавки спроведе тест на штетност по кој се утврди дека јавниот интерес е помал од интересот што се заштитува, односно со давање на горенаведената информација може да настане штета по работењето на Бирото за јавни набавки – Советот за јавни набавки, физичките лица – експерти, како и трети лица, договорни органи и економски оператори кои директно или индиректно се засегнати од работата на Советот за јавни набавки.
   - Во барање за информација од јавен карактер доставено до Бирото за јавни набавки од Горан Лефков се бара информација за тоа колку експерти се ангажирани за решавање на барањата за добивање на согласности за договорните органи. Податокот се бара по иницијали составени од првата буква на името и првата буква на презимето на експерите за периодот од 1 јануари до 1 јули 2015 година. Бирото за јавни набавки увиди дека на ова барање е веќе еднаш одговорено, поради што согласно со Законот за слободен пристап до информации

[1] 01-134/1 [2016]

од јавен карактер, донесе заклучок за запирање на постапката и за истото го извести барателот на информацијата.

5. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија и заклучоци) на имателите на информации, со опис на одлуката како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација - 15

6. Број на усвоени жалби со одлука на Комисијата- /

7. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Комисијата - /

8. Број на одбиени жалби од Комисијата и причини за нивно одбивање – 1
   - Согласно со Решение бр. 08-882 од 28.12.2015 година, доставено до Бирото за јавни набавки, жалбата од барателот на информацијата се одбива како неоснована, поради тоа што Бирото постапило правилно според одредбите од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер и согласно со член 23 од истиот закон го известил барателот дека веќе е одговорено на неговото барање.

9. Број на отфрлени жалби од Комисијата и причини за нивно отфрлање - /

10. Број на случаи на молчење на Комисијата - /

11. Број на барања за поведување прекршочна постапка и поведени прекршочни постапки-/

12. Број и видови на изречени прекршочни санкции - /

13. Број на поведени управни спорови против конечната одлука на Комисијата - /

14. Број и список на донесени судски одлуки во кои тужбата на барателот во управниот спор е позитивно решена, како и и наведување на причините на кои се темели одлуката на надлежниот суд - /

**НАПОМЕНА:** Таксативно набележаните обврски од член 37 значат и Ваша обврска на истите да одговорите прецизно, со податоци, коментари и карактеристики што произлегуваат од Вашата работа.

**Скопје, 25.01.2016** **Министерство за финансии – Биро за јавни набавки**
**(Имател на информации-печат)**

М-р Александар Аргировски
**(одговорно лице – потпис)**